ОПШТИНА ШТИП

MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УП1бр. 18/24-134*
*10.12.2024*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50, став 8 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), градоначалникот на Општина Штип донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За формирање на стручна комисија за постапување по спроведена Јавна анкета и јавна презентација за**

Детален Урбанистички План за дел од Урбана четврт ЈИ 01.05 со намена А, Б и Вод ГУП на Град Штип, Општина Штип/ плански опфат: од север по осовината на реката Отиња, од исток по осовината на улица Браќа Миладинови, на југ опфатот по осовината на улица Страшо Пинџур се до осовината на улица Љубен Иванов на западната страна/

Член 1

Се формира стручна Комисија за Детален Урбанистички План за дел од Урбана четврт ЈИ 01.05 со намена А, Б и Вод ГУП на Град Штип, Општина Штип/ плански опфат: од север по осовината на реката Отиња, од исток по осовината на улица Браќа Миладинови, на југ опфатот по осовината на улица Страшо Пинџур се до осовината на улица Љубен Иванов на западната страна/ во следниот состав:

1. Лидија Глигорова Јанкова, диа-претседател на Комисија за урбанизам
2. Александар Василев, диа-претставник на изработувачот на планот Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип бр. на Овластување 0 0500
3. Викторија Атанасова, диа-стручен работник од областа на урбанистичко планирање, бр на Овластување 0 0472

Член 2

Комисијата има задача да изготви Извештај од спроведената јавна презентација и јавната анкета

Член 3

Извештајот од јавната анкета и јавната презентација треба да содржи образложение за прифатените и неприфатените забелешки за горенаведениот ДУП

Член 4

Врз основа на Извештајот комисијата е должна најдоцна во рок од 15 дена, пред доставување на предлог планот за согласност, да го извести писмено секое физичко или правно лице кое поднело анкетен лист со образложение за прифаќање на нивните забелешки

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОПШТИНА ШТИП**
Градоначалник
Иван Јорданов